**20192383719**

## ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Врз основа на член 46, став (4) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), Инспекцискиот совет донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗНАЧКАТА НА ИНСПЕКТОРОТ, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ ВО ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на службената легитимација (во натамошниот текст: „Легитимација“) и значката на инспекторот (во натамошниот текст: „Значка“), како и начинот на нивното издавање и одземање во инспекциските служби.

Член 2

(1) Легитимацијата и значката на инспекторот се сместени во внатрешнитестрани на дводелен кожен повез, со димензии 65 х 190 мм, во црна боја.

(2) Легитимацијата е со правоаголна форма изработена од поликарбонат со заштитни елементи, со димензии 54,99х 84,99 мм и дебелина од 0,76 мм, која е сместена во внатрешната горна страна на дводелниот кожен повез, во светло сина боја (RGB 84-165-219) за инспекторите вработени во инспекциските служби од член 26, став (1), алинеи 1 и 2 од Законот за инспекциски надзор и портокалова боја (RGB 243-129-31) за инспекторите вработени во инспекциските служби од член 26, став (1), алинеја 3 од Законот за инспекциски надзор. Образецот на Легитимацијата е во согласност со графичките стандарди на Владата на Република Северна Македонија.

(3) Значката на инспекторот е изработена од метал (бронза), во форма на штит со димензии 40 х 45 мм, под кој е поставен правоаголник со димензии 40 х 7,5 мм,која е сместена во внатрешна долна страна на дводелниот кожен повез.

(4) Легитимацијата и значката му се издава на инспектор веднаш по стекнувањето со лиценца за инспектор.

(5) При издавањето на легитимацијата и значката се генерира регистарскиот број кој претставува шестцифрен број разделен со цртичка после втората цифра.

(6) Првите две цифри од регистарскиот број од став (5) на овој член означуваат припадност на инспекциската служба, додека останатите четири цифри означуваат реден број на издадената легитимација односно значка во инспекциската служба, почнувајќи од бројот 0001.

(7) Образецот на Легитимацијата и значката е даден во Прилог, кој е составен дел на овој Правилник.

Член 3

Инспекциската служба ги евидентира издадените легитимации, и тоа:

- име и презиме на инспекторот,
- датум и место на издавање на легитимацијата,
- регистарски број на легитимацијата,

- датум на враќање односно губење на легитимацијата,
- причина за враќање односно губење на легитимацијата,
- престанок на работен однос,
- суспензија согласно закон,
- замена на оштетена, загубена или украдена легитимација.
- датум на повторно задолжување односно издавање на легитимацијата,
- датум на уништување на легитимација.

Член 4

(1) Легитимацијата и значката се заменуваат со нови:
- при промена на личното име на инспекторот, и
- при оштетување на легитимацијата или нејзино губење односно кражба.

(2) Во случај кога легитимацијата и значкатасе оштетени, инспекторот при издавањето на нова легитимација ја враќа старата на инспекциската служба.

(3) Во случај кога лигитимацијата и значката се изгубени односно украдени, инспекторот ја известува инспекциската служба најдоцна до три дена од дознавањето.

(4) Во случај кога лигитимацијата и значката се изгубени односно украдени, инспекциската служба најдоцна до три дена од пријавувањето ги објавуваво „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19).

Бр.01-929
7 ноември 2019 година
Скопје

Инспекциски совет
Претседател,
м-р **Магдалена Филиповска-Грашкоска,** с.р.

Прилог
Образец на Службена легитимација и значка на инспектор












Прилог

## Образец на Службена легитимација и значка на инспектор










